Бр. 09-3806/2
13-11-2019 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и третата седница одржана на ден 01 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09-3806/1 од 08.08.2019 година, бидејќи во истата нема елементи за да се покрене постапка за утврдување на судир на интереси.

Предметот со број 09-3806/1 од 08.08.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-3806/1 од 08.08.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава во која се бара Државната комисија да утврди дали постои состојба на судир на интереси во именување на Раководител на одделение на ЈЗУ, кога неговата сопруга е главна сестра на оддел во друга Клиника.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија, поаѓајќи од своите надлежности, констатира дека во пријавата Државната комисија нема елементи за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk